# ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ПРОДОЛЖЕНА 5 ГОДИШНА ГАРАНЦИЈА НА HISENSE ТЕЛЕВИЗОРИ

mk.hisense.com

1. Продолжената гаранција се однесува на сите модели на Hisense телевизори.

2. Оваа продолжена гаранција важи само за производите купени во промотивниот период и користени на територијата на Република Северна Македонија

3. Продолжената гаранција за Hisense телевизорите важи за сите Hisense телевизори од ставка 1 купени во промотивниот период од 01.04.2021 година до 30.04.2024 година. За да го остварите правото на петгодишна гаранција, потребно е да го регистрирате вашиот нов телевизор на официјалната страна mk.hisense.com во рок од 30 дена од датумот на купување на уредот (наведен на фискалната сметка/фактурата). Доколку потрошувачот нема пристап до интернет, исто така регистрацијата може да се изврши преку центарот за поддршка на Hisense на 02/3299-109. Со регистрација на производот, потрошувачот се согласува неговите/нејзините податоци да бидат зачувани. Откако ќе се заврши регистрацијата, сертификатот за гаранција мора да биде отпечатен. Заедно со фактурата/сметката претставува основа за спроведување на гаранцијата. Доколку телевизорот се расипе за време на гаранцијата, потрошувачот мора да ги има сертификатот за гаранција и фактурата/сметката за да може да контактира овластено лице за сервис. Во спротивно, продолжената гаранција нема да биде валидна и купувачот има право на редовна гаранција од 2 години.

4. Сертификатот за продолжената гаранција ќе се смета за неважечки доколку се утврди дека е нецелосен, доколку е изменет и/или содржи неточни информации внесени при регистрација на производот.

5. При поднесување барање за поправка во гарантен рок во рамките на продолжената гаранција, до овластениот сервис на Hisense мора да се достави следново:
   - оригинален сертификат за гаранција,
   - оригинал или копија од фактурата.

6. Во времетраење на гаранцијата, дефектите кои би се појавиле при нормално користење на апаратот ќе бидат отстранети на наш трошок. По поправката на Hisense телевизорот, доколку има заменети делови, истите остануваат во наша сопственост.

   Услугите извршени за време на гаранцијата, не ја продолжуваат или обновуваат гаранцијата ниту прават некакви промени во однос на периодот на гаранција, важечки за целиот производ. Секои понатамошни барања ќе бидат исклучени од овие услови и одредби.

   Гаранцијата ќе биде неважечка во случај на дефект на Hisense телевизорот поради:

   - Непридржување до упатствата за употреба;
   - Поправка од страна на неовластено лице;
   - Вградување на неоргинални делови во производот;

- Несоодветно ракување со производот;
- Штета настаната од механички удари по вина на купувачот или трето лице;
- Елементарна непогода (поплава, громови, пожар итн.);
- Користење на апарат за бизнис и комерцијални цели.

7. Условите на продолжената гаранција напишани во оваа изјава се во согласност со редовните услови за гаранција на Hisense опишани во стандардната гаранција. Пред каква било постапка, потребно е да ги прочитате стандардните услови за гаранција.
8. Оваа продолжена гаранција е издадена во согласност со законите на Република Северна Македонија и е во согласност со позитивната деловна практика на брендот Hisense.

ГОРЕЊЕ ДООЕЛ Скопје
Бул. 8ми септември бр. 18 лок. 10
Тел: 02/3088-150
Email: gorenje@gorenje.com.mk